Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија” бр.43/14), член 23 и член 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр.167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20 и 151/21), член 26 и член 60 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија и согласноста од Министерството за финансии бр. 18-1769/2 од 21.02.2022 година

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2022**
**за вработување на 2 (две) лица на определено време до 31.12.2022 година**

**1.Советник-портпарол - 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**
Стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет или факултет за новинарство и најмалку 3 години работно искуство во струката.
**Посебни работни компетенции:** Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот на систематизација на работните места за соодветното работно место

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 07,30 часот до 15,30 часот;
Паричен нето износ на плата: 28.639,00 денари

**2. Хигиеничар - 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**
Завршено средно или основно образование, со или без работно искуство.

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа од 13,00 часот до 21,00 часот;
Паричен нето износ на плата: 15.274,00 денари

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и

-Уверение за завршено соодветно образование
-Доказ за работно искуство
-Уверение за државјанство
-Лекарско уверение за општата здравствена состојба
-Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

**Кандидатите кои се пријавуваат за работното место под реден бр. 1-Советник-портпарол, потребно е кон молбата да достават и:**
-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски)
-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во молбата се дисквалификува од натамошна постапка.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број - 1/2022)**

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати, се должни да поднесат пополнета молба за вработување на судски службеник со докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат во оригинал или копија заверена на нотар:

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.
Изборот на кандидатите ќе се врши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работни односи.